АМБАСАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО ШВАЈЦАРСКАТА КОНФЕДЕРАЦИЈА
AMBASSADE DE LA RÉPUBLIQUE DE MACÉDOINE EN CONFEDERATION SUISSE
BOTSCHAFT DER REPUBLIK MAKEDONIEN IN DER SCHËEIZERISCHEN EIDGENOSSENSCHAFT
AMBASCIATA DELLA REPUBBLICA DI MACEDONIA IN CONFEDERAZIONE SWIZZERA

Број: 04-03-1000/2
Датум: 30.11.2011

**До:**
**СИТЕ ЗДРУЖЕНИЈА НА ДРЖАВЈАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО ШВАЈЦАРСКАТА КОНФЕДЕРАЦИЈА**

Почитувани претседатели и претседателства,
Драги сограѓани,

Министерството за внатрешни работи на Република Македонија известува за следното:

- Небиометриските пасоши, издадени пред денот на влегување на сила на Законот за патните исправи на државјаните на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија„ бр. 19/2007), ќе важат до 27.02.2012г;

- Согласно Законот за изменување и дополнување на Законот за лична карта („Службен весник на Република Македонија„ бр. 19/2007 и 10/2010), личните карти, издадени пред денот на влегување на сила на овој закон, ќе важат до 27.02.2012г;

- Согласно Законот за безбедност во сообраќајот на патиштата („Службен весник на Република Македонија„ бр. 54/2007), возачките дозволи, издадени пред денот на влегување на сила на овој закон, ќе важат до 01.10.2012г.

Врз основа на горенаведеното, граѓаните на РМ се должни да ги заменат старите личните небиометриски со нови биометриски документи, до гореспоменатите рокови.

Македонските државјани со престој во Швајцарија, кои ќе патуваат во Република Македонија по 27.02.2012г, а поседуваат стари небиометриски пасоши, треба да дојдат во Амбасадата во Берн, со стариот пасош, 2 слики (не постари од 6 месеци) и паричен износ од 37 Шфр, заради добивање  Патен лист.

**Амбасада на Република Македонија**
**Берн**